**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 08.05.2015

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 3340 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Веаата: Ааб знак 0304
Рок на чување 05 год.
08.05.2015 г. Потпис,
Скопје

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Направи сам", Друштво за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазинот „Убавина и здравје" и Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Auto Focus", и тоа:

- изданието бр.9 на магазинот „Направи сам" за мај 2015 година,
- изданието бр.84 на магазинот „Убавина и здравје" за мај 2015 година и
- изданието бр.92 на магазинот „Auto Focus" за мај 2015 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 08 мај 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми постапиле по Решенијата за преземање мерка - опомена, кои Агенцијата им ги упати на 04.03.2015 година и на 19.03.2015 година поради тоа што не ја исполниле во целост обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми.

5. **Претходно изречена мерка:**

- Решение за преземање мерка – опомена бр.03-529 од 04.03.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Направи сам"

- Решение за преземање мерка – опомена бр.03-644 од 19.03.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазинот „Убавина и здравје"

- Решение за преземање мерка – опомена бр.03-642 од 19.03.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за издавачка дејност,

трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Auto Focus".

**6. Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор е констатирано дека издавачите на печатени медиуми **постапиле по опомената** и **во целост ја исполниле обврската** од член 12 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***